

### *Прим. д-р ПАВЛЕ КЕДЕРОВ*

*На 30 ноември 1986 година, на 51-годишна возраст, ненадејно почина примариус д-р Павле Кедеров, асистент по болести на устата и забите на Стоматолошкиот факултет во Скопје. Прераната смрт го оддели од неговите најблиски, од колегите и студентите и го прекина неговиот животен пат исполнет со постојана и беспрекорна трудољубивост.*

*Д-р Павле Кедеров е роден во Струмица во 1935 година, каде што заврши основно и средно образование. На Стоматолошкиот факултет во Белград дипломира во 1961 година, кога се врати и се вработи во Медицинскиот центар во Струмица. Тој беше меѓу основоположниците и еден од првите раководители на забоздравствената служба во Струмица и негова голема заслуга е што таа брзо прерасна во современа и примарна стоматолошка единица.*

*Во 1972 година Кедеров беше примен на Клиниката за дентална патологија и терапија, а две години подоцна со одличен успех го положи специјалистичкиот испит по болести на устата и забите, по што беше примен за асистент на Стоматолошкиот факултет во Скопје, додека во 1980 година стана примариус.*

*Д-р Кедеров целосно им се посвети на своите обврски. Тој даваше сè од себе во извршувањето на задачите на полето на наставната и стручната дејност во областа на стоматологијата и едукацијата на млади стоматолошки кадри, на кои несебично им го пренесуваше своето искуство и знаење. Воспоставувајќи другарски односи со студентите, тој истовремено беше почитуван асистент.*

*Покрај бројните и секогаш најповолно оценети научно-стручни трудови, објавени во повеќе наши стручни списанија, д-р Кедеров постојано стручно се усовршуваше, секогаш барајќи ново и посодржајно.*

*Д-р Кедеров беше активно вклучен и во општествено-политичкиот живот на Стоматолошкиот факултет, вршејќи повеќе одговорни функции. Беше и претседател на Стоматолошката секција, член на организациониот одбор на VI-от конгрес на стоматолозите на Југославија и член на редакцискиот совет на стручното списание „Македонски стоматолошки преглед“.*

*Со неговото прерано и ненадејно заминување изгубивме извонреден другар и човек, беспрекорен колега и неуморен работник.*